изведбата. Туркаљ се усовршувал на Школата за уметност во Цирих каде што стекнал титула на мастер, по завршената Висока школа за музика во Вирцбург, а се усовршувал и на студии за барок. Подеднакво е активен и на полето на џезот и популарната музика. Нора Романоф-Шварцберг ја познава музичката публика по нејзината исклучителна харизма. И како солист, но и како камерен музичар, таа е активна на големите и престижни фестивали за класична музика во Европа, настапувајќи со видни оркестри. Миша Мајски, Рене Капусон, Сергеј Накарјаков, Марта Аргерич се дел од имињата со кои таа настапува. Родена е во Њујорк, но пораснала во Виена во музичка фамилија, а нејзиното деби го остварила во Виена во Концертхаус на само 11 години. Студирала на Кралскиот конзерваториум во Мастрихт, а ги комплетирала студиите на Универзитетот за музика и изведувачки уметности во Виена. Од 2013 година е дел од ансамблот „Лукс" и е фокусирана на современата музика. Виолинистот Владимир Костов е еден од најистакнатите македонски виолинисти. Моментно работи како концертмајстор во Македонската филхармонија и како доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Основач е на фестивалот за млади виолинисти „Виолин фест". Настапува како солист со Македонската филхармонија и Камерниот оркестар на МФ, како и на повеќе фестивали и манифестации во Македонија, Украина, Германија, Австрија, Велика Британија, Србија, Бугарија, Хрватска и Полска. Камерната музика претставува негов особен интерес и тој е водач на повеќе камерни оркестри и ансамбли. Постојано посетува и мајсторски курсеви за камерна музика предводени од светски познатите квартет Медичи (Шведска), квартет Артемис (Германија), како и квартетот Миро (САД). Виолинистот Мартин Димитров, пак, се смета за еден од најдобрите виолинисти од новата генерација македонски музичари. Студирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Олег Кондратенко. Вработен е во Македонската филхармонија од 2013 година, а членува во повеќе интернационални оркестри и фестивали, како што се No Borders Orchestra (составен од членови кои потекнуваат од бившите југословенски републики), Junge Philharmonie (Салцбург), Classical Concert Chamber Orchestra (САД) со кој реализира турнеја во Европа, Pacific Music Festival во Јапонија... Мартин Димитров посетува мастеркласи и индивидуални часови со видни педагози како што се Стефан Роуз, Аксел Герхарт, Лукас Хаген, Давид Чен...



# SOUVENIR DE FLORENCE

Концерт на гудачки октет во состав: Лиса Јакобс (Холандија), Хед Јарон Мејерсон (Холандија), Владимир Костов и Мартин Димитров – виолини; Дритон Гаца и Нора Романоф Шварцберг (САД, Австрија) – виоли; Иван Туркаљ (Германија) и Франческо Мариози (Италија) – виолончела

**8 декември 2018, Камерна сала, 20 ч.**

## ПРОГРАМА:

**П. И. Чајковски:**
**„Souvenir de Florence" оп. 70**

– Allegro con spirito
– Adagio cantabile e con moto
– Allegretto moderato
– Allegro con brio e vivace

**- ПАУЗА -**

**Ф. Менделсон:**
**Гудачки октет оп. 20 во Es-dur**

– Allegro moderato ma con fuoco
– Andante
– Scherzo: Allegro leggierissimo
– Presto








## ГУДАЧКИ ОКТЕТ

Гудачкиот октет кој вечерва настапува премиерно се претставува во ваков состав. Формиран е специјално за концертот „Souvenir de Florence" од страна на истакнатиот македонски виолист Дритон Гаџа, кој годиниве наназад живее и кариерата ја гради во Германија и во Австрија. Станува збор за осуммина музичари од Македонија и од Европа, со зад себе завидна кариера, со настапи во престижни концертни сали, со видни оркестри и диригенти, добитници на бројни меѓународни награди, виртуози на своите инструменти. По завршувањето на средното образование, Дритон Гаџа е примен на студии заедно со уште шестмина студенти помеѓу 72 кандидати на една од најдобрите школи во Франција – Конзерваториумот „Souperi-er National de Region Boulogne" во Париз. Потоа се запишува на студии на Високата музичка школа во Вирцбург каде што дипломира и магистрира во класата на проф. Рајнер Шмит и Фабио Марано. Уште од неговото пристигнување во Германија, тој соработува со престижни оркестри како соло-виолист, меѓу нив и со Камерата „Франконија" под водство на Григори Жислин, Камерниот оркестар на Вирцбург, Светскиот камерен оркестар на Франкфурт, како заменик-водач на виолите во Северниот оркестар во Порто, Португалија, Европската камерна филхармонија и со Камерниот оркестар на солистите од Санкт Петербург. Виолинистот Хед Јарон Мејерсон, роден во Тел Авив (Израел), е вработен во Филхармонијата на Ротердам од 2016 година, а студирал на престижни универзитети во Минхен, Цирих, Грац, Салцбург и Берлин со видни педагози. Добитник е на бројни награди на меѓународни натпревари, од кои се издвојува третата награда во категоријата барокна виолина на натпреварот во Лајпциг. Моментно е заменик концерт-мајстор во Ротердамската филхармонија. Холандската виолинистка Лиса Јакобс е позната по нејзините страстни перформанси, атрактивната програма со којашто настапува како солист со симфониски оркестри, како камерен музичар и како солист. На 17-годишна возраст, таа ќе го направи успешното деби со Кралскиот Концертгебау оркестар под диригентство на Рикардо Чаили и од тој миг нејзината кариера рапидно расте, настапувајќи со навистина врвни оркестри и ансамбли. Добитничка е на значајни награди, уметничко лице е на „Пирастро", нејзините албуми се ставени на врвот на топ-листите, одржува мајсторски часови во Холандија, Португалија и Германија, и критиките се постојано на нејзина страна, едногласно нарекувајќи ја „виртуоз на виолината". Виолончелистот Франческо Мариоци дипломирал со високи почести во својата родна земја Италија, а потоа студиите ги продолжил на Школата за музика во Вирцбург, студирајќи со престижни артисти. Од 2017 до 2012 година, Мариоци е прв виолончелист во Театарот Масимо Белини во Катанија, а често е канет како гостин на позицијата прво виолончело во театри низ Италија. Тој соработува со актерот Калудио Сантамарија, настапувајќи на значајни театарски фестивали, а досега соработувал со престижни институции, како што се оркестарот Санта Чечилија во Рим, „Артуро Тосканини" – филхармонискиот оркестар раководен од Лорин Мазел... Покрај неговата кариера како виолончелист, тој е еднакво посветен и на композицијата. Виолончелистот Иван Туркаљ пак, кој има хрватско потекло, живее на релација Германија, Австрија и Швајцарија. Пасиониран е од барокната музика, иако постојано изведува дела и од другите музички епохи и е посветен на истражувањето на непознати музички дела. Критиката за него вели дека постојано ја воодушевува публиката со беспрекорно чистиот тон и леснотијата на